**ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ**
**од седницата на**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА**
одржана on-line, преку платформата ZOOM, на 30.3.2021 година (14:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа (понатаму Совет), прва во текот на 2021 година, поради актуелната состојба предизвикана од глобалната пандемија на COVID-19, се одржа *on-line* користејќи ја платформата за организирање на виртуелни состаноци ZOOM. Седницата ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи го бројот на присутни членови (9).

На седницата присуствуваа следните членови на Советот:

- Јасмина Чалоска,
- Ќире Ицев,
- Тодор Шендов,
- Тони Војнески,
- Јованка Караџинска Бислимовска
- Мирјанка Алексевска,
- Дарко Дочински,
- Милан Петковски и
- Сашо Столески.

**Дневен ред** на Седницата:

1. Усвојување на Записникот од третата Седница на Советот во 2020 година, одржана на 18.12.2020 год.;
2. Информации за реализација на тековни активности;
3. Забелешки и коментари на Предлог-Правилникот за БЗР при рачно пренесување на товар;
4. Контрола на квалитет на имплементацијата на системите за БЗР;
5. Разно

**1. Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 18 декември 2020 година**

Записникот од Седницата на Советот за БЗР која се одржа on-line на 18.12.2020 година, беше едногласно и без забелешки усвоен од страна на членовите на Советот.

**2. Информации за реализација на тековни активности**

Во рамки на дискусиите по оваа точка од Дневниот ред, членовите на Советот беа детално информирани за позначајните активности, реализирани во периодот помеѓу двете седници на Советот. Беа презентирани и дискутирани повеќе релевантни информации, помеѓу кои:

- Информација во врска со подготовката на годишен извештај за работата на Советот за БЗР, како и за позначајните реализирани активности во изминатата година, што беше констатирано и како еден од заклучоците на претходната Седница. Секако, Извештајот и неговата содржина ќе бидат пред сè во знакот на состојбите предизвикани со пандемијата на COVID-19 и активностите за справување со пандемијата, превенцијата, подигнувањето на знаењето и на свеста кај сите субјекти за ризиците, потребните мерки и активности во овој дел.

- Информација за средбата на министерката за труд и социјална политика г-ѓата Шахпаска и професорките Чалоска и Караџинска-Бислимовска, како сегашен и претходен претседател на Советот за БЗР, која се одржа на 8 февруари 2021 година.

- Советот беше информиран и за вебинарот кој се одржа на 16 март 2021 година, во организација на EU-OSHA, наменет пред сè за претставниците од земјите од ИПА регионот. Тема на вебинарот беше „Безбедност и здравје при работа во земјоделието“, а своја заедничка презентација имаа проф. Чалоска и д-р. Столески, презентирајќи ги состојбите, превентивната култура и најзначајните предизвици во оваа област во Република Северна Македонија.

- Беше споделена и информација во врска со процесот на подготовка на новиот Закон за БЗР, кско и за отпочнатите активности поврзани со подготовката на новата национална Стратегија за БЗР за периодот 2021-2025 година.

- Советот беше запознаен и со досега реализираните активности поврзани со постапката и повикот за доделување на Национална награда на компании со најдобра пракса за БЗР за 2021 година. Оваа година одзивот помеѓу компаниите е драстично зголемен во однос на претходните години, што недвосмислено зборува и за зголемувањето на значењето на оваа награда, но секако и за сè поголемата свесност, важност и значење кое се посветува на политиките и системите за БЗР во компаниите во државата. Понатаму, во рамки на дискусијата, а имајќи ја во предвид моменталната сериозност на состојбите со пандемијата на COVID-19, Советот се согласи доделувањето да не се одржи во рамки на одбележувањето на светскиот ден за БЗР (28 април), туку како и минатата година, да се одложи за подоцна во текот на годината кога тоа ќе го дозволат условите. Тоа би можело да се направи при одбележување на европската недела за БЗР, во текот на месец октомври. Постапката ќе продолжи со тоа што ќе се номинираат членови на комисиите за оценка на компаниите од редот на стручни лица за безбедност при работа и доктори по медицина на трудот, кои откако ќе се формираат, во наредниот период кога ќе се создадат и малку подобри услови и ќе бидат намалени ризиците (стабилизирање на епидемиолошката состојба, отпочнување на масовна вакцинација итн.), ќе можат да ги посетат компаниите и да го реализираат оценувањето и пополнувањето на прашалниците и листите за проверка.

- Се дискутираше и се разменија мислења и предлози од страна на Советот за најсоодветно одбележување на „28 април - Светскиот ден на БЗР“. И оваа година, како и минатата во истово време, се соочуваме со состојби кога, како резултат на пандемијата, значително е отежнато и оневозможено организирањето на одредени настани и одбележувања со физичко присуство, па од тие причини, можеби е најсоодветно да се планира или објавување на одредено пригодно соопштение од страна на Советот или организирање на on-line настан со кој би се одбележал денот, би се влијаело врз подигнување на свеста и би се испратиле соодветни пораки. Се заклучи до 10 април 2021 год., членовите на Советот да доставаат свои предлози и идеи за тема или теми и начини кои ги сметаат за најсоодветни да бидат вклучени при организирањето на on-line настан за одбележување на овој ден.

### 3. Забелешки и коментари на Предлог-Правилникот за БЗР при рачно пренесување на товар

На членовите на Советот, со материјалите за оваа Седница, им беше доставена и споредбена, збирна табела во која се наведени сите добиени предлози и забелешки од различни субјекти, тие кои одговорија на повикот за доставување коментари по однос на предлог-текстот на нов Правилник за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар (предложен од Здружението „ТУТЕЛА“). По анализирањето на добиените коментари и забелешки, претставници од МТСП и ДИТ ќе се состанат и заеднички ќе ги разгледаат и дискутираат, со цел да се согледаат најсоодветните решенија, како од аспект на легислативно пропишување на мерките и стандардите, така и од аспект на можностите за нивна доследна практична примена, а и надзор врз примената.

### 4. Контрола на квалитет на имплементацијата на системите за БЗР

Оваа точка беше ставена на дневен ред на предлог на претставникот на здруженијата на стручни лица за безбедност при работа и во рамки на истата се разви дискусија во врска со повеќепати констатирана потреба за подобрување на квалитетот на услугите кои ги даваат стручните лица и овластените правни субјекти за вршење на работи од областа на безбедност при работа, како и на квалитетот на медицинските прегледи на вработените кои се вршат во овластените установи за медицина на трудот. Постоењето на одредени слабости и недостатоци во некои случаеви, негативно делуваат и врз

перцепцијата и имиџот на професијата во целост, и доста често од страна на одредени компании се јавува и сомнеж во исправноста, квалитетот и вистинската употребна вредност на документите и услугите од областа на БЗР кои тие ги добиваат и за кои плаќаат.
Ова е слабост за чие надминување е потребно организирано дејствување од сите субјекти и засегнати страни во системот. Во тоа придонес може да даде и Советот со своја иницијатива за континуирано подобрување на услугите во областа, преку изготвување на одредени водилки или насоки за квалитетно извршување на услугите и контрола на системите за БЗР, кои би се дистрибуирале до сите засегнати страни и би имале во крајна линија, за цел да им помогнат и на работодавачите и на работниците, а и на самите професионалци и стручни лица и лекари од областа на БЗР. Во овој дел се заклучи до крајот на мај да се подготви еден документ (во вид на насоки, препораки, водич или сл.) кој ќе произлезе од Советот за БЗР и ќе се однесува на неопходноста од подигнување на свеста кај сите за континуираното подобрување и одржување на квалитетот на услугите на стручните лица за безбедност при работа, на установите за медицина на трудот, како и кај работодавачите за значењето на овие услуги и важните информации за секоја компанија и за секој работодавач кои од тоа треба да произлезат.

**5. Разно**

Во рамки на последната точка од дневниот ред членовите беа запознаени со документите, т.е. барањата кои и до нејзе како Претседател на Советот, беа доставени од страна на МЗЗПР (Македонското здружение за заштита при работа), а се однесуваат на барањето за измена на Правилникот со листата на професионални болести, барање за измена и дополнување на Правилникот за БЗР за изложеност на биолошки агенси и барањето, т.е. инцијативата за носење на нов Правилник за спречување на повреди со остри предмети во здравството. Беше постигната согласност членовите на советот да ги разгледаат овие предлози и да се произнесат по однос на содржината.

На крајот, претставникот од МТСП, даде и краток осврт и на активностите кои се реализираат, а се поврзани со улогата на министерството како контакт-точка (focal point) на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) и тоа во делот на организирани состаноци и on-line семинари, како и активности поврзани со тековната двегодишна кампања за БЗР за здрави работни места, која во фокусот ги има мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата. Членовите на Советот беа информирани и за тоа дека во меѓувреме во делот на web-страната на МТСП посветена на областа БЗР, отворена е посебна страница (дел) која се однесува на кампањата и на која можат сите кои се заинтересирани да пронајдат корисни информации за самата кампања и за областа и темата која таа ја опфаќа. Поставени се исто така и документите поврзани со кампањата преведени на македонски јазик, за истите да можат понатаму да се користат во активности за подигнување на свеста ( https://bit.ly/3uigeqT ).

Подготвил:

| | |
|---|---|
| Секретар на Советот за БЗР | Претседател на Советот за БЗР |
| *Дарко Дочински* | *Проф. Д-р Јасмина Чалоска* |